# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

GODINA VII. 1999.
TRAVANJ
АПРИЛ
ЦЕНА 5 кн.

20
БРОЈ



## СОПОКРОВИТЕЛИ НА ЕВРОПА

# ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН!

*Велигденските празници и оваа година македонските христијани во Загреб, собрани во МПЦО Св. Злата Мегленска ги прославија со својот драг свештеник протојерејот Георги Кацарски. Без разлика што имаше прекини во авио-сообраќајот Загреб-Скопје, па дури и колебања кај некои во управата дали и како ќе дојде свештеник, сепак сè мина добро и во вистинско велигденско расположение. Беше одржана вечерна со познатото Христос Воскресна!, Како и утрена со кршење велигденски јајца.*

*Протојереј Кацарски при тоа ја прочита и Велигденската Посланица, чии делови донесуваме:*

*Многољубиви духовни чеда,*

*Со Христовото воскресение, во живото ни е дадено сè во изобилство. Но, сепак, низ целата историја човештвото покажувало и покажува незадоволство од она што то има, од она што Бог му го дарувал како средство за живот на земјава. Нашево време изобилува со меѓучовечки и мегуетнички нетрпенија, недоразбирања и воени судири. Човечкиот живот ја изгубил својата вредност, на убиствата, судирите и крвопеолевањата како да постанаа дел од нашето секојдневие. Поголемиот дел од човештвото, еве, и на испреќањето на XX век, како да живее во долината на смртта и како од сите страни да се слуша "плач и ридање, и нискот голем" (Мт. 2,18). Тој глас на човекот кој се смета за современ, исполнет е со страв и неизвесност, кои се присутни и меѓу нашиот народ. Војната во соседството, постојаните мегуетнички судири и присуството на многуте униформи на странски војници меѓу нас, како и долготрајната економска криза, често придружувана со судири од мегупартиски и лични интереси, и кога на сето тоа ќе му се додаде и современото зло меѓу младите генерации дрогата, од една, и чедоморството во семејствата, од друга страна, како и постојаното иселување на македонскиот човек по светот, и со прекумерното доселување на туѓинци, со право треба да се запрашаме за иднината на македонската држава и за идната етничка и верска слика во Република Македонија. Но, веруваме, дека државното раководство ќе стори сè за да се стабилноста и да се задржи мирот во нашава земја, дека ќе ги смири зачестените конфликти меѓу младите на национална основа и дека наскоро времено прифатените бегалци повторно ќе се вратат во матичната земја од каде што дошле, бидејќи недоразбирањето во соседството лесно може да се префрли и кај нас. Гостопримство и помош треба да се укаже секому што има потреба од тоа, но не смее нивното прифаќање да ја премине границата на потребниот ред во земјата и да се загрози безбедноста на сопствениот народ и држава.*

*Драги наши духовни чеда во Господа,*

*Воскресението е постојан белег во севкупното постоење на македонскиот народ. И токму, благодарение на верата и надежта во воскресението, како народ и Црква, можевме да то издржиме сето што ни се случувало во историјата, а ни се случува и денес.*

*Нашиот народ безвремено верува во љубовта и милоста на Воскреснатиот Господ, но очекува да се разбуди совеста и да надвладее разумноста и љубовта кај истоверните православни браќа, кои треба, конечно, да ѝ го прифатат возобновеното достоинство на нашата жива и делотворна самостојна црква, за да можеме и ние, во заедница со сите православни цркви, да му се радуваме, со полна радост, на големиот Јубилеј од Христовото доаѓање на земјава. Со такво чувство на очекување се исполнети душите на сите македонски православни чеда, и во Татковината и насекаде по светот.*

*Во нашава Воскреена радост духовно учествуваат и православните Македонци и Македонки кои живеат надвор од границите на Република Македонија, зашто нераскинливи се врските на духот и тие се со нас, како што сме и ние со нив.*



*Св. Климент Охридски - Охрид (графика)*

*Сите силно веруваме дека ќе восторжествува македонската права и дека конечно е дојдено времето за славно македонско воскресение: и државно и црковно. Амин.*

*ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ!*

*На Велигден, 1999.*

*+Михаил*

*АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ*

*ЧЛЕНОВИ НА СВЕТИОТ АРХИЕРЕЈСКИ СИНОД:*

*†КИРИЛ, Митрополит Полошко-кумановски,*

*†ГОРАЗД, Митрополит Европски,*

*†ПЕТАР, Митрополит Австралиско-новозеландски,*

*†ТИМОТЕЈ, Митрополит Дебарско-кичевски,*

*†СТЕФАН, Митрополит Брегалнички,*

*†НАУМ, Митрополит Струмички,*

*†АГАТАНГЕЛ, Епископ Велички,*

*†ЈОВАН, Епископ Дремвитски.*

# УРЕДУВАЊЕ И ПРЕСЕЛУВАЊЕ ВО НОВИТЕ ПРОСТОРИ





Благодарејќи на разбирањето на "градските татковци" од Пула коишто ни излегоа во пресрет и како прво Друштво од националните малцинства ни ни доделија простории во бившата касарна "КарлоРојц" во Пула.

Просториите се големина од 106 м² и наменети се за канцеларија и сала.

Бидејќи во тие простории живееа бегалци од Босна и Херцеговина, истите беа могу запуштени и девастирани како и преградени со иверица. Тоа сето најпрво требаше да се разруши како би се добила наведената намена. После тоа се премина на бојадисување, потоа на чистење и миење и на којот завршното уредување и на просторите.

Во овие активности голем труд искажаа следниве членови:

Величков Манојло мајстор+молер којшто доброволно работеше и ни даваше потребни инструкции.

Миќановиќ Миладин, македонски зет, беше локомотивата на целата оваа операција, за што се од страна на Управниот одбор е симболично парично награден.

Потоа се истакнаа браќата Чеслав и Боро Гошев, Кирило Стојановски, Мито Анастасијески и Кирил Талески, а во преселувањето се ангажираа покрај наведените членови и следниве членови: Раде Свеќароски, Владо Тимов, Еуѓен Билетиќ, Ратко Димовски, Цветан Лазановски, Ѓорде Васков, Милош Милошевиќ, Димитар Русев, Ѓорѓе Палко, Славе Милошевски и други.

Исто така во уредување активно учествуваа и: Македонка Стојановска, Славица Сагадин, Ѓана Талески, Бенита Гошев, Ева Грабеж, Милица Мијаковска, Ева Мрмиќ, Благица Палко и други.

По овие извршени работи се пријде во осмислување и заличување на добиените простории за што го искористивме нашиот член Алдо Климан. По негова сугестија осмислено е поставувањето на постоечките фотографии на идеолозите на ВМРО и востаниците, како и поставување на 25 фотографии од неговата збирка на стари разгледници од сите краеви на Македонија. Со ваквата постава целата сала доби изглед на изложба.

Со нашиот личен ангажман и со рационалното трошење на материјалните средства во овој проект успеавме да заштедиме околу 10.000 куни.

КИРИЛ ТАЛЕСКИ

## ВЕЛИГДЕНСКО ЧЕСТВУВАЊЕ

Македонските христијани, негувајки ги своите традиции, никогаш не заборавaат и на најголемиот христојански празник Велигден — Христовото воскресение. По тој повод членовите на МКД "Кочо Рацин" во Пула организираа мирјански собир во кој зедоа учество над стотина христијани и членови.

Велигденското мирјанско чествување беше и повод за промоција на првата поетска збирка на поетот Ратко Димовски, "Распони" со која поцелосно го претстави своето повеќегодишно поетско творештво. При тоа честитки за празникот на мирјаните им упати и председателката на МКД "Кочо Рацин" г-жа Славица Сагадин, зборувајки и за предстојните активности на ова Друштво во Истарската Жупанија и пошироко. За поетското творештво на Ратко Димовски зборуваше афирмативно Бенита Гошева. Поетот Ратко Димовски заблагодарувајки се на приредената промоција и воопшто на љубителите на поезијата читаше дел од своето творештво.

Традиционално Велигденскиот празник беше исполнет и со бојадисани јајца, домашни кулинарски специјалитети и сл. приготвени од членовите на Друштвото. Во пригодната веселба учествуваа и членовите на музичката и пеачка секција на Друштвото.

К. Талески

GLAS ISTRE,
16. SIJEČNJA 1999.

## Večeras Makedonska noć

**PULA** – Danas, u konobi »Franko«, s početkom u 20 sati započinje tradicionalna, četvrta Makedonska noć. U organizaciji pulskog Makedonskog kulturnog društva »Kočo Racin«, na proslavi će uz bogatu trpezu biti i lutrija, a za glazbu će se pobrinuti obitelj Milović, koja će izvoditi narodne makedonske pjesme i plesove. Povod proslavi je doček Nove godine po Julijanskom kalendaru, a zainteresirani mogu kupiti karte u prostorijama Makedonskog društva u bivšoj vojarni Karlo Rojc.

***T. T.***





### ИЛИНДЕНЦИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ВЕЧЕР ВО ПУЛА

Триесетина членови на Илинден од Риека им се придружија на членовите на Кочо Рацин на традиционалната македонска вечер во Пула. Импресијата кај многумина беше видна, со многу пофалби на домак´ините, на дочекот, за гостопримството и проведената вечер во вистинска забава. Посебна фала на Славица и Благица, за проведот низ нивните нови простори и вербата дека во тие простори многупати ќе им бидеме гости и заедно ќе настојуваме да го збогатиме нашиот македонски идентитет.

Вечерта беше посебно весело, солидна музика, добра забава томбола, многу можности за контакти, за обнова на пријателствата и за новите познанства. Бевме задоволни во секој поглед, ми рече Гордана Крстеска, а домаќините ги поканивме на следна средба кај нас во Риека. Рече дека е штета што Хрватска е "растегната", друштвата се едни од други премногу раздалечени, па немаме можности да се најдеме сите на едно место. Али се надева дека ќе дојдат и тие времина и можности да бидеме еднаш заедно.

Владо Настески

# МКД "ИЛИНДЕН" — РИЕКА ОСМО ГОДИШНО СОБРАНИЕ

МКД "ИЛИНДЕН" одржа осмо годишно Собрание, на кое присуствуаа членовите на друштвото, и претставникот на риечкото Поглаварство, прочелни-



кот на градската Управа за школство и образование, професор МИЉЕНКО МАГДИЌ како и представниците на другите Здружениа од националните малцинства.

Собранието го разгледа и прифати Планот на активностите за следната година, кој како што рече претседателот ИЛИЈА ХРИСТОДУЛОВ, опфаќа неколку дејности, од ликовна, музичка култура, фолклорна дејност, издаваштво, спортска дејност и друго. Друштвото е вклучено активно и во градската програма "Риека здрав град" за оваа година. Посебно истакна дека имаме добри односи со здружениа и друштва во градот, во Приморско-горанска жупанија, а нарочно сме горди што сме дел од Заједницата на



Македонците во Република Хрватска и што имаме големо разбирање од нив. Соработката и со другите Македонски друштва е добра.

Нашето друштво има покрај културолошко значење и социолошко, а исто така ги помага нашите постари и понемошни членови, а посебен однос имаме и кон децата, така што и годинава организиравме поделба на дарови за најмалите.

На предлог на некои членови на друштвото, и Управниот одбор, за вонреден придонес за дејноста на друштвото од неговото формирање до денес, го награди својот секретар Владо Настески со пригодна награда.

Собранието заврши со куса програма, што ја изведба најмалите членови на друштвото Илинден во придружба на ДЕДО МРАЗ, кој потоа најмладите присутни ги награди со пригодни новогодишни подароци.

Вл. Н.



## ЛИДИЈА ЃОРЕСКА

На Медицинскиот факултет во Риека — отсек ВИШИ МЕДИЦИНСКИ СЕСТРИ, во октомври 1998. година успешно дипломира нашата Лидија. Оваа млада и даровита девојка, е израстена во средината на "Илинден". Деновиве целосно не израдува кога го прочитавме натписот во риечкиот Нови Лист и нејзиното име заедно со останатите дипломирани од ова училиште. Лидија е сега Виша медицинска сестра.

За Лидија, како многу други млади кои се школуваат не е ништо ненормално да завршуваат вакви и слични училишта, но за нашата Лидија која е членка во "Илинден" од незиното формирање, учесничка секогаш во сите културни настани, како рецитаторка, во фолклорната секција, водител на многу приредби а посебно со најмладите, а и во многу слични настани, е радост и гордост за секој член на друштвото, а посебно за нејзините родители Милена и Кицо. На седмото Собрание на друштвото во 1997. година е избрана за член во Управниот одбор.

Вакви примери се афирмативни за нашето друштво, углед и среќа ако бидат и повеќе. Веруваме дека многумина од нашето друштво ќе ни се придружат во честитките кои ги упатуваме на овој и ваков начин.

Владо Настески



GLAS ISTRE, 30. 11. 98.

### GODIŠNJA SKUPŠTINA MAKEDONSKOG KULTURNOG DRUŠTVA ŽUPANIJE ISTARSKE »KOČO RACIN«

# USVOJEN PLAN RADA ZA NAREDNU GODINU

**PULA** – Na godišnjoj skupštini Makedonskog kulturnog društva Županije istarske »Kočo Racin«, održanoj prekjučer u Istarskom narodnom kazalištu, podneseni su i prihvaćeni izvještaji Nadzornog odbora te izvješća o financijama i radu društva u tekućoj godini. Nadalje, podnesen je plan rada za narednu godinu, a bilo je riječi i o radu Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj. Izabran je novi predsjednik Suda časti – Kiril Taleski, te novi članovi nadzornog odbora – Kocana Mičanović, Eugen Biletić i Kleoniki Vodnik.

Skupština je, u dobro popunjenoj maloj dvorani INK-a, otvorena zvucima hrvatske i makedonske himne, a potom i živopisnim osvrtom na probleme koje je veliki makedonski pjesnik Kočo Racin imao s vlastima 1939. i 1940. godine, kada su mu zabranjivali tiskanje i distribuciju knjige pisane na makedonskom jeziku »Bijelo svitanje«. Predsjednica društva Slavica Sagadin uputila je riječi zahvale, zbog potpore održavanju skupštine, ljudima u INK-u, Županiji i Gradu Puli. Nenad Stojkovski, potpredsjednik društva, iste je riječi uputio pulskom pročelniku Odjela za društvene djelatnosti Fabriziju Radinu te predstavnicima Albanaca i Roma, nazočnima na skupštini.

Kako to tradicionalno biva, nakon radnog dijela, uslijedio je domjenak uz makedonsku glazbu.

*A. Bu.*



FOTO BILJEŠKA

# Škola jahanja na Stanciji Mala Valtida

**ROVINJ**– Na »Ranchu Fortuna« na Stanciji Mala Valtida kraj Rovinja od 1985. godine održava se škola jahanja, koju vrlo uspješno vodi Ljupče Briškoski, velik zaljubljenik u konje. Nedavno je završio posljednji tečaj škole jahanja, kojega je poslije trinaest odrađenih sati uspješno položilo osmero mladih jahača, među kojima je najmlađa osmogodišnja Jasmina Serafin iz Rovinja. Ljupče Briškoski veli da je jahanje posebno zanimljivo turistima jer je tečaj u Rovinju međunarodno priznat.

Seljačko domaćinstvo na »Ranchu Fortuna« ima 20 konja.

***I. R.***



***Školu jahanja u ovoj godini zaključili su Tina i Tea Viskić i Jasmina Serafin iz Rovinja, Loriana i Tea Crnić, Vladimir Đurić iz Pule, Alberto Fioreti i Luka Barbieri iz Bala***

GLAS ISTRE,



*Во Брно, Чешка*

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА

Првите „Денови на македонската култура во Чешката Република" што ги организираше Здружението на пријателите на Јужните Словени се одржаа од 16 до 19 ноември минатата година во Брно.

„Деновите" ги отвори претседателот на Здружението проф.д-р Иван Доровски кој, меѓу другото, подвлече дека чешко-македонските културни врски имаат илјадагодишна традиција и нивните почетоци датираат од времето на кирило-методиевската мисија во Велика Моравија.

Во рамките на „Македонските културни денови" филмскиот историчар д-р Јаромир Блажејовски одржа предавање од историјата и успесите на македонската кинематографија. Беа прикажани македонските филмови „Климент Охридски" (два дела) и „Пред дождот". Глигор Сукаловски во своето предавање говореше за својот тримесечен престој и за актуелната политичка ситуација во Македонија.

Сите приредби привлекоа голем број студенти – македонисти, балканисти и други посетители, особено завршната културна вечер исполнета со македонски песни и ора.

Членови на Здружението на пријателите на Јужните Словени во Чешката Република, се освен Чесите и бројни Македонци и припадници на другите балкански Словени.



Фолклорните од Илинден заедно со "Струни" од Љубљана на "Етно смотра 98", Риека, 29. 11. 98.

**На Универзитетот „Понтион" во Атина**

# ПРВ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Во рамките на остварувањето на програмата „Јазични разлики", што е дотирана од Европската комисија, поточно од Центарот за истражување на малцинствата, во Атина се одржа дводневниот семинар, панел расправа околу проблемите, состојбите и перспективите на „словенските дијалекти во Македонија". Наспроти настаните од минатото, упорното негирање од официјалните власти за постоење на какви било малцинства во Грција , особено на македонското и неговиот јазик, култура и обичаи, на катедрата за политички науки и историја на познатиот универзитет „Понтион" дваесетина експерти, со поголемо учество на претставници од егејскиот дел на Македонија, всушност за првпат отворено расправаат за едно, инаку досега табу прашање во Грција.

Во опширната расправа од неколку странски експерти, етнолози и лингвисти беа изнесени низа факти и докази не само околу постоењето и употребата на јазикот во минатото и сега, туку и на неговите специфичности и разлики од другите јазици, како што е и бугарскиот. Притоа не беа заобиколени ниту настаните кога во минатото, а и сега со разни притисоци намерно се попречувала употребата на македонскиот јазик во Грција. Од учесниците во расправата исто така беа презентирани низа податоци околу географската и демографската рашireност и застапеност на јазикот во одредени региони, села, па сè до семејства, мешани бракови и возраста на луѓето. Наспроти странските експерти, но и некои грчки, кои укажуваа не само на постоењето на македонско малцинство и јазик, туку и на разните забрани во минатото, присилната размена на населението и преселбите, туку и на сегашните судски гонења, дел од грчките „стручњаци" и овој пат упорно ги застапуваа познатите ставови дека не постои македонски јазик, односно дека тој е вештачки создаден по војната, но сепак се признава дека во „грчка македонија" постојат луѓе кои зборуваат „словенски дијалект".

Со програмата на Европската комисија, за која на Атина ѝ се доделени 11 милиони драхми, дел од грчките власти, сакале или не, за првпат се обврзани да се расправа, и тоа на научно ниво, за истражувањата на „непостојните" јазици кои се зборуваат во земјата. Целта, како што беше нагласено, е отворено и стручно да се расправа за јазичните разлики меѓу грчките граѓани. Но, не само тоа, семинарите треба да придонесат во напорите за деполитизирање на многубројните проблеми околу правата на малцинствата и употребата на јазиците во Грција, наспроти досегашната крутост и посебна чувствителност на официјалните власти во земјата. Знаејќи што се случуваше во минатото, па и сега, наспроти постојните обвинувања врз Атина од многу меѓународни организации, останува сепак да се види колку и какви конкретни резултати ќе донесат ваквите семинари.

Т.М.

---

**Осијек:**

# БОГАТА АКТИВНОСТ

— МКД "Браќа Миладинови" одржа Изборно Годишно Собрание на кое за претседател е одново избран Благоја Јовановски

• На своето четврто Годишно собрание МКД "Браќа Миладинови", одржано на 27. 3. о.г., основано пред пет години 1994. г. резимирајќи ја својата богата активност констатирано е дека целта да се опфатата што поголем број Македонци и пријатели на Македонија во Славонија е оптимално остварен, при што една од најголемите болки на Друштвото е сеуште нерешениот проблем со работни и деловни простории во Осијек. Во изминатиот период Друштвото и со релативно скромни средства и голема помош на Градското Поглаварство во Осијек успеа да се афирмира и реализира редица интересни и разновидни културни програми од кои секако најважни се Деновите на македонската култура што се одржаваа во мај месец. Исто така Друштвото дало белег и во размената на културни и слични програми со матицата земја — Македонија.

Во име на Градското поглаварство Собранието го поздрави г. Зденко Шимуновиќ а во името на Заедницата на Македонците Огнен Бојаџиски, претседател, при што тој зборуваше и за нужноста да се развиваат што поконкретни видови соработка со матицата земја, да се негува Денот на Браќата Миладиновци, како и да не се дозволат квазиполитички провокации, злоупотреби и манипулации односно наседнувања кои произлегуваат од сегашните актуелни воено политички збивања во регионот, да се негуваат добри меѓуетнички и меѓуконфесионални односи со сите како во Осијек и Хрватска така и пошироко.

Собранието го усвои предлог планот за активности во 1999. г. а потоа избра и ново раководство при што за претседател одново е избран г. Благоја Јовановски, а за секретар

Р.

## НА БОЖИК ВО РИЕКА

Божик е ден кој ни носи трајна порака за мир. Дури и оние кои го заборавиле Христа или кои никогаш не го познавале, знаат дека го симболизира мирот на земјава и љубовта меѓу луѓето.

Божик е ден кого го славиме раѓањето на ИСУС ХРИСТОС. Во сите богослужбени простори најчесто богослужбата ја служат свештени лица. Ние Македонските православните христијани кои сме далеку од својата татковина чиниме слични собири, на кои на достоен начин со нашите можности је исполнуваме својата верска обврска.

Во Риека на Божик во клубот "Илинден" е одржана мирјанска средба. Господинот Илија Христодулов, претседател на друштвото, пред преполната сала ја започна средбата со читање на молитвата "Оче наш", потоа му се придружија присутните и е отпеана пригодната песна "Божик" (Кандак гл. 3.), а следеше излагањето на Илија со неколку пригодни зборови за роѓањето на Исус Христос, за крштевката - Водици, за Св. Тројца и за иконата "РОЖБАТА НА ГОСПОДИНОТ НАШ ИСУС ХРИСТОС".

Секако дека на овие мирјански средби ни недостасуваат и некои други потреби за духовна поврзаност со нашата црква, што во клубот не е можно да се чини. За таа цел после "богослужбата" заклучивме дека за следните Божиќни и Великденски празници да повикаме свештено лице и во тој смисол ќе сториме се што е можно.

Овој Божик иако одбележан на ваков начин, секако даде доверба кај присутните дека друштвото е потреба, и покрај културните настани потреби се и вакви верски собири кој даваат можност за духовно задоволство.

Дали имаме можности за поквалитетно одбележување на Божик, зависи и од можните контакти со црквената Општина во Загреб, која не покажува некој посебен интерес надвор од центарот каде што делува.

Бладо Настески

## ПАРИЧКА ЗА СРЕЌА

На 13. јануари оваа година (на Стара нова година — по Јулијанскиот календар) во клубот Илинден беше приготвен дочек. Оваа година клубот беше исполнат до последно место. Со музички нумери (радио-видео касети) песна, ора, таква вечерта започна. Но овој пат и нешто подруго, што го започна чичко Илија Николовски, најстариот член на друштвото, почна да раскажува за некогашните обичаи за Василица во неговата Битола. На неговите искази се придружија многумина искажувајќи ги обичаите во нивните краишта, Михајло за Овчеполските, Ѓуро за Струмичките, Владо и Гена за Кумановско-Старонагоричанските и така редум многумина. Мене ми се чинеа најблиски од чичко Илија, блиски со моите детски радости на Василица, па затоа ги забележав нив и мислам дека многумина ќе ги потсети на нивнато минато.



На 14. јануари според новиот календар македонскиот народ ги празникува верските празници: Обрезение господово, Свети Василиј Велики и Православна нова година. На овој ден според еврејските закони, осми ден по раѓањето во храмот на светото семејство му е дадено името ИСУС (спасител), каде и е обрезан. Во спомен на овој настан светата црква го воспоставила празникот Обрезение Господово.

Свети Василиј Велики роден е на овој ден во 329. година. Својот живот го посветил на народот, учејќи го со божја наука. Долго време бил владика. Умрел на 1. јануари 389. година. И овој ден го празнуваме во спомен на неговото име. Поради совпаѓањето со празникот Свети Василиј, овој празник кај народот е наречен ВАСИЛИЦА. Деновите од Божок до Василица се наречени како некрстени денови и се верувало дека мртвите се движат, се јавуваат вештерици, самовили, вампири... На овие денови се одржувале Бабарски и Руселски обичаи, што во многу краишта во Македонија и ден денес се одржуваат. Бабарите се маскирале и правеле греви со звонците и клопотарците да ги бркаат лошите духови и болестите. Русалиите играле русалски ора со сабјите низ воздух замавнувале за да ги избркаат лошите демони во човечкото тело.

На Василица во многу домови секогаш се месело погачи или баници (мазници) со паричка. На оној кој ќе му "падне" паричката годината ќе му биде среќна. А според некој верувања се носело нешто ново, за да се износи низ годината. Децата на Василица како и на Бадник, оделе од куќа до куќа, пееле пригодни песни и добивале подароци, а возрасните формирале василичарски дружини, најчесто ја сочинувале повесели луѓе, оние кои знаат да се шегуваат и раскажуваат што се чинело врз годината во нивното место.

Владо Настески



# ПРЕТСТАВУВАЊЕ СО ОХРИДСКОТО И ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО

Македонија се подготвува за "ЕКСПО 2000" во Хановер

За оваа најголема светска саемска манифестација, Република Македонија го подготвува проектот за еколошката заштита на двете најголеми македонски езера. Најновиот "ЕКСПО 2000" овој пат нема да се одржува само во Ханобер, туку многу од проектите, меѓу кои и македонскиот, ќе бидат претставувани на самото место.

Македонија се подготвува за учество на најголемата светска саемска манифестација — "ЕКСПО 2000", која ќе се одржи идната година во Хановер, Германија, со проект посветен на двете наши најголеми езера — Охридското и Преспанското. Проектот се подготвува во Министерството за животна средина, кое годинава ќе има полни раце работа за осмислување на неговата целокупна презентација. Инаку, проектот беше пријавен за учество на "ЕКСПО 2000" пред една



Sl. 5. Karta Makedonije sa kotlinama i rasednim linijama.




година, од страна на тогашното Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, а во ектомври минатата година, меѓународната комисија за селекција на проектите за "ЕКСПО 2000", изврши негова формална верификација, по што се очекува тој да биде и официјално регистриран за учеството.

Претстојната "ЕКСПО" манифестација по многу нешта ќе се разликува од досегашните. За разлика од веќе востановената практика, сега се внесува една новина — најновата изложба ќе биде организирана ширум светот, односно многу проекти нема да самото ограничени само на егзибициониот простор во Хановер, туку ќе се одвиваат на лице место, во државите-учеснички.

Предвидено е еден од таквите проекти да биде и македонскиот. Проектот за Охридското и Преспанското Езеро се однесува, пред сѐ, на нивната еколошка заштита. Главниот акцент ќе биде ставен на Студијата за заштита на Охридското Езеро која ја спроведува Министерството за животна средина, во рамките на која минатите неколку години се одвиваа повеќе активности, со финансиска помош од меѓународните организации и странските влади. Меѓу другите, со своја помош во спроведувањето на дел од оваа студија (што се однесува на институционалното зајакнување и подигањето на јавната свест за животната средина), учествуваше ГЕФ (Global Environmental Facility) — Глобалниот Фонд за животната средина на ООН, кој преку Светската банка ја дотираше нашата држава со помош од над два милиона американски долари. Тоа е дел од проектот што се одвива во соработка меѓу владите на Македонија и на Албанија, двете држави кои го делат Охридското Езеро.

Во рамките на оваа Студија, на Македонија ѝ е доделена и помош од Владата на Швајцарија, во висина од три милиони швајцарски франци, наменета за технолошко-техничко опремување на Хидробиолошкиот завод од Охрид, со цел да се осовремени мониторингот на квалитетот на екосистемот во Езерото. Владата на Германија финансираше проект за интегрално управување со водоснабдувањето и одведувањето на отпадните води од регионот, со средства во висина од 21 милион германски марки.

За Преспанското Езеро, не постои посебна студија, како онаа за Охридското. Ова езеро, кое со хидролушка врска е споено со Охридското, ќе биде представено на "ЕКСПО 2000" со строгиот природен резерват "Езерани" — првиот заштитен орнитолошки резерват во Македонија. За спроведувањето на режимот на заштитата на резерватот "Езерани", за кој е донесен посебен закон, Владата го задолжи Друштвото за проучување и заштита на птиците на Македонија. Во резерватот треба да уследи формирање на заштитни зони, чуварска служба, поставување на куќички со двогледи за набљудување на птиците и други активности, со кои ќе се обезбеди физичка заштита на овој простор и неговото богатство на птици.

Маријана Иванова




## МАКЕДОНСКО-ГРЧКА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА: ПОВРЗУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ ИНТЕРЕСИ

Интер Балканскиот и Црноморскиот Бизнис центар, со седиште во Солун, и свое претставништво во Скопје, работи на давање помош, информации и консултации на бизнисмените од Грција кои сакаат да инвестираат во Македонија, но и во обратна насока — на заинтересираните македонски стопанственици кои сакаат да работат во Грција

Солунската корпорација ДИПЕК, или Интер Балкански и Црноморски Бизнис Центар, веќе осум месеци работи со свое претставништво во Скопје, помагајќи го инвестирањето на грчките бизнисмени во Македонија. За работа во Македонија, кај нашиот јужен сосед во последно време постои голема заинтересираност, за што говори и фактот дека Грција е земја со најголеми инвестиции во нашата држава.

Со претставникот на ДИПЕК во Македонија, г-дин Арис С. Влахос, разговаравме за можностите, добрите страни и проблемите на економската соработка меѓу двете држави. Според неговото мислење, грчките фирми се мошне заинтересирани за соработката со Македонија, додека од страна на македонските, барем засега, интересот се сведува само на трговијата. Грчките бизнисмени главно се интересираат за соработка и вложувања од областите на банкарството, индустријата и услужните дејности. Успешно се остварени инвестициите во скопската Пиварница и во Цементарницата "Усје".

За да се обезбеди поголемо и помасовно инвестирање на македонски фирми во Грција, треба да се изврши хармонизација на легислативата на нашата држава со онаа на земјите од Европската унија. За да се привлечат, пак, странски инвестиции, г-дин Влахос мисли дека пред се´ е потребно Република Македонија подобро да го организира пазарот на акции — берзата и банкарскиот системи и да го подобри осигурителниот систем, затоа што секој инвеститор сака да има гаранција дека вложеното ќе му се врати. Пазарот, исто така, треба да се либерализира и да се направи поатрактивен за инвеститорите. Добрата страна на Република Македонија, нагласува г-дин Влахос, е во тоа што таа е една од ретките држави во денешно време, посебно оние од источниот дел на Европа, кои се мирни, без криминал.

ДИПЕК, во кој учествуваат и северногрчкиот клуб и извозници, Меѓународниот саем "Хелекспо" од Солун, организацијата на северногрчките индустријалци, грчкиот центар за развој ЕЛКЕПА, организацијата на извозниците и други асоцијации од Грција, е всушност дел од консултативната фирма "Нортстар" ("Northstar") од Велика Британија, која е специјализирана за консалтинг од областа на финансиите, приватизацијата и инвестициите. ДИПЕК соработува со официјалните институции од Македонија — министерствата, Заводот за статистика, Агенцијата за приватизација и со претставништвата на меѓународните организации во Македонија, како на пример ФАРЕ. Дејноста се состои од координација и консалтинг на грчките фирми што сакаат да работат во овие региони, креирање и дистрибуција на информативна база, организирање на семинари за управување со заеднички вложувања, издавање на периодични извештаи, маркетинг, промоција на трилатерални бизнисшеми меѓу Грција, некоја од земјите на Балканот или Црноморието и некоја од земјите од Европа или САД. Оваа корпорација, исто така, ги координира и активностите во рамките на меѓународните програми ФАРЕ, ТАЦИС, и ИНТЕРРЕГ.

За време на саемската манифестација "Грчки фирми во Скопје" (во ноември минатата година), ДИПЕК организираше семинар со интересна тема: "Новите политички трендови и нивните реперкусии врз економските односи меѓу двете држави" на кој покрај повеќе гости од Грција зборуваа македонскиот премиер г-дин Љубчо Георгиевски, директорот на Агенцијата за обнова и развој, г-дин Васил Тупурковски и шефот на Канцеларијата за врски на Грција во Скопје, г-дин Александрос Маљас. ДИПЕК е во подготовки за организирање на уште една саемска манифестација, овој пат на солунскиот саем "Хелекспо", на која во Грција ќе се претстават фирмите од Македонија.

Маријана Иванова



МАКЕДОНСКИ СВЕТСКИ НЕДЕЛНИК
MAKEDONSKO SONCE
МАКЕДОНСКО СОНЦЕ

# ДИМИТАР ДИМИТРОВ

"Да ја споделиме, а не да ја делиме нашата историја", изјави македонскиот министер за култура Димитар Димитров во интервјуто за бугарскиот весник "Новинар".

"Сега нема да се потпишат културни спогодби, но продолжува соработката меѓу нашите театри, претстои гостување на Македонската филхармонија во Софија", додаде Димитров.

"Годинава ќе биде и промоцијата на "Антологијата на бугарската поезија", која ќе биде прво претставување на Бугарија во Македонија", рече Димитров.

# ЈАПОНСКИ ЗАЕМ ОД 400 МИЛИОНИ ДОЛАРИ

Јапонски инвеститори понудиле долгорочен заем од 400 милиони долари за реновирање на инфрастуктурата и за возниот парк на "Македонски железници", соопшти министерот за сообраќај и врски, Боби Спирковски на прес-конференција од 5 февруари. Тој најави скорешно решавање на проблемите во авиосообраќајот.

Според Спирковски, пругата кон Бугарија треба да се изгради до Крива Паланка, а потоа да се чекаат нови инвестиции. Министерот рече дека работите на патните правци од коридорите 8 и 10 се одвивале нормално, а финансиската конструкција за патот Скопје-Тетово била затворена. "Меѓутоа, градежните претпријатија бараат пари, а Фондот за патишта е речиси празен", рече Спирковски.

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Бидејќи состојбата со македонскиот јазик во јавното општење е крајно загрижувачка, треба што поскоро да се направат правописен речник и дополнето издание на Правописот, да се зголеми бројот на часови по македонски јазик во училиштата и да се назначат лектори во општините, се вели во дел од заклучоците од научниот собир организиран од Институтот за македонски јазик во Скопје.

На собирот беа поднесени 47 реферати на тема "Македонскиот јазик во јавното општење", но учесниците го осудија отсуството на луѓе што се професионално ангажирани во примената на јазичната норма - новинари, лектори, советници, како и нивни здруженија. Собирот предложи при потпишувањето меѓудржавни договори да се употребува само синтагмата "македонски јазик" и го осуди предлогот за давање албански имиња на словенските топоними во учебниците на албански јазик. Беше предложено да се обнови центарот за школување на спикери и водители за говор и правоговор.

# СИМИТИС-ГЕОРГИЕВСКИ

Во главниот град на Северна Грција, Солун, во почетокот на мај идната година ќе се состанат новиот премиер на Република Македонија, Љубчо Георгиевски со својот грчки колега Костас Симитис. Доколку дотогаш не се случи нешто непредвидено, средбата на двајцата премиери ќе биде остварена во текот на годишниот балкански конгрес на "Тесалоники форум", кој на 10 и на 11 мај го организираат заедно Здружението на индустријалците од Северна Грција, Грчко-американската комора и познатата "Македонско-тракиска банка". Според информациите од Солун, грчкиот премиер Симитис и новиот македонски премиер Георгиевски ја прифатиле поканата на организаторите за учество на овој значаен собир, посветен на развојот на економската соработка во регионот.





# БИТОЛА

Управата за внатрешни работи во Битола денес соопшти дека нејзините оперативци успеале да го откријат едниот од двајцата вооружени разбојници кои утрото на 5 декември, во 4,30 часот, во "нинџа стил", извршија грабеж на бензиската пумпа на "Макпетрол", близу до битолската Градска болница.

Се работи за Сабри Ајети, дваесет и четиригодишен скопјанец, кој сѐ уште е во бегство, но е во центарот на "полицискиот обрач, и против него веќе е поднесена кривична пријава за разбојништво. Потрагата на полицијата останува насочена и кон неговиот партнер во овој напад, за кого се знае дека заедно со Ајети учествувал и во серија други идентични напади и грабежи на бензиски пумпи низ земјава, за какви изгледа веќе се специјализирале.

# ДИМИТАР МИРЧЕВ

Со апостолски указ на неговата светост папата Јован Павле Втори амбасадорот на Република Македонија при Светиот престол - Димитар Мирчев е одликуван со Орденот на Витешкиот ред на Свети Григориј Велики.

Во Љубљана минатиот петок на посебна свеченост пред дипломатскиот кор ова високо одликување на амбасадорот Мирчев му го врачи апостолското нунцие, монсињор Едмонд Фархат, при што беше истакнат успешниот развој на соработката и односите меѓу Република Македонија и Светиот престол.

— **За прв пат на оваа вечер гости повеќе амбасадори од соседните земји како и дипломати од други пријателски земји**

Познато е дека Македонците во Загреб веќе териесетина години на т.н. стара Нова година традициолно се собираат и зависно од можностите имаат на гости културни и јавни работници од Загреб и Хрватска, односно Македонија.

Со постоењето на Заедницата на Македонците во Република Хрватска а поготово со основањето на загребското МКД "Крсте Мисирков" традиционалното собирање на оваа "Македонска вечер" станува побогато и посодржајно.

И годинава на оваа вечер беа поканети и дојдоа голем број гости во ресторанот "Глобус" на Загребскиот Велесаем, меѓутоа пријатно беше да се видат амбасодорите на Албанија, **г-жа Мерима Биша** во придружба на првиот секретар г. **Орхан Заршати**, потоа амбасадорот на Романија г. **Константин Гирда**, на СР Југославија г. **Вељко Кнежевиќ** како и на Турција г. **Селахатин Алпар со** сопругата, во добро расположение и срдечна атмосфера и со македонскиот амбасадор г. **Сервет Авзиу со сопругата**. Она што секако покрај добрата забава им остави посебен впечаток и на другите дипломати: Драгана Тадиќ, БиХ, Мартин Мухеуц, Словенија, Георги Петров, Бугарија, Васлав Мазлава, Чешка, Владимир Чупески, Македонија, е добрата програма орото и се разбира културниот ниво.

Иницијативата на Заедницата да се поканат и амбасадорите на соседните и пријателски земји се покажа добра, зошто и тоа е придонес кон развивањето пријателски, отворени и доброчовечки односи што овозможува меѓусебно подобро запознавање и јакнење на меѓусебната доверба и односи.

# "МАКЕДОНС



Гостите на традиционалната "Македонска вечер" ги поздрави г. Сервет Авзиу, амбасадорот на Република Македонија во Хрватска посакувајки им добра забава и добре дојде на повеќето дипломатски колеги од соседните земју.

# ТУРИСТИЧКИ WORCSHOP В 14 — 18. 10. 1998. ГО

На Првиот меѓународен фестивал на туристичкиот филм CW ITF-98 кој се одржа во хотел "Сплит" од 14. до 18. 10. 1998. година, беше поканета и учествуваше наша делегација на Македонската заедница (МКД и МПЦО) од Сплитско-далматинска жупанија. Делегацијата беше предводена од госпоѓа **Ивона Мусиќ Неделковска и Ленче Магањиќ Јакимова.**

Иако нашата матична татковина Република Македонија не беше представена со пропагандни материјали или туристички филм, имаме задоволство да истакнеме што организаторот на овој мултисекторален пројект CW-ITF-98 со посебна почит испрати покана за наше учествовање.

Манифестацијата ја отвори Градоначелникот на град Сплит професор господин **Иван Шкариќ.**

Председател на Одборот, **Антонио Цонте,** председател на Европската новинска туристич-



# КА ВЕЧЕР" ВО ЗАГРЕБ



Г-жа Мерима Биша, амбасадор на Република Албанија во Хрватска во придружба на г. Константин Гирда, амбасадор на Романија и г-жа Иванка Бојаџиска

Г. Селахатин Алпар, амбасадор на Тургија со сопруцата во друштво со г. Неџат Хусеин, угледен охриѓанин и загребски адвокат.



# О СПЛИТ ОД ДИНА

ка федерација и директор на туристичкиот фестивал Варесе — Италија, со големо внимание и интересирање го следеше нашето сликовито излагање и покажа вистинска желба за секаква помош и иницијатива во врска со нашата матична татковина Република Македонија.

Почесен председател на Фестивалот беше Жупанот на Сплитско-далматинската Жупанија Професор **др. Бранимир Лукшиќ** со кого во придружба беа членови на делегации и претставници од многу други земји.

Председател на Фестивалското тело (Собрание) беше Градоначелникот на град Сплит Професор Иван Шкариќ со голем број членови од сите сегменти, а Директор на ФИС Центарот беше господин Војко Плештина.

Ликовски Богоја

**DONATORI MAKEDONSKE VEČERI 1999. GOD.**

1. "CROATIA AERLINES" ...................... Zagreb
2. PRIVATNA KNJIŽNICA "EDO" ......... Zagreb
3. "LUKAR" d.o.o. ................................ Zagreb
4. "ELEKTROKONTAKT" ....................... Zagreb
5. "ALKALOID" ...................................... Zagreb
6. SLASTIČARNICA "SPORT" ............... Zagreb
7. "TETEX" ............................................ Zagreb
8. KIRO VINOKIĆ-VIKI .......................... Zagreb
9. "PLIVA" ............................................. Zagreb
10. "BRAZIL" d.o.o. .............................. Karlovac
11. "ASJA-N" d.o.o. ............................... Zagreb
12. GORDANA KRSTEVSKA .................... Rijeka
13. STOJANKA TEŽAK ............................ Zagreb

**MAKEDONSKO KULTURNO DRUŠTVO "KRSTE MISIRKOV" ZAGREB, zahvaljuje svim donatorima, na dobrima kako bi tombola koja je podijeljena na MAKEDONSKOJ VEČERI, bila što bogatija.**

**Posebno se zahvaljujemo avio kompaniji "CROATIA AERLINES" iz Zagreba na donaciji od dvije povratne avionske karte na relaciji Zagreb-Skopje, sa mogućnošću korišćenja tijekom 1999. god.**

***Ivan Andonov - predsjednik***
***MKD "K. Misirkov" Zagreb***

**PREDSTAVLJENA KNJIGA OGNENA BOJADŽISKOG "PROMETEJI MAKEDONSKI":**

# "MULTIDISCIPLINARNA ORIGINALNOST"

*ZAGREB, 9. ožujka (Hina) — O zanimljivoj i bogatoj makedonskoj povijesti u Hrvatskoj se nedovoljno zna. Knjiga Ognena Bojadžiskog "Prometeji makedonski", koja donosi historiografski prikaz povijesnih ličnosti makedonskoga naroda od početka njegove pisane povijesti do suvremenosti, pridonijet će boljem poznavanju makedonske povijesti i bit će izuzetno korisna hrvatskoj javnosti. Ovu je ocjenu iznio recenzent — akademik Dušan Bilandžić na promociji knjige 9. ožujka u Novinarskome domu u Zagrebu.*

*Suizdavači knjige, izdane prošle godine u Zagrebu, su zagrebački nakladnik "Ceres" i Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj.*

*Autor na jasan, čist, zanimljiv i uravnotežen način razmatra, obrađuje i elokventno predstavlja materijal, a bez patetike i apologije od koje "boluje" historiografska literatura balkanskih južnoslavenskih naroda, ustvrdio je Bilandžić.*

*Bojadžiski odabire 21 ličnost, a njihovu značenju za makedonsku povijest pridodaje epitet prometejski. Kao makedonske Prometeje, autor izdvaja, među ostalima, Kirila i Metodija, Klimenta Ohridskoga, braću Miladinove, Gocu Delčeva, Nikolu Kareva, Koču Racina i Blažu Koneskoga.*

*Odlika knjige je originalna multidisciplinarnost u kojoj su elementi više znanstvenih disciplina — historiografije (duhovne, političke, kulturne), etnologije i sociologije, s prepoznatljivim povijesno-filozofskim kontekstom. Uz ovu ocjenu, recenzent Bilandžić preporučuje autoru da je "došlo vrijeme da se nešto kaže i o sivremenoj Makedoniji", istaknuvši da je Bojadžiski svojom knjigom dokazao da ima pretpostavke za izvršenje spomenute zadaće.*

*Zašto baš Prometeji makedonski, pitanje je na koje autor odgovara citirajući krležinu misao da "ne možemo tražiti od drugih da znaju više o nama, nego što mi sami znamo o sebi". Ova ga je misao, pridodao je Bojadžiski, učvrstila u stavu da svaki čovjek u životu ima svoju misiju, a kako je govorio Krleža "boriti se perom, spada u najveća junaštva".*



Prof. dr. Dušan Bilandžić govori na promociji "Prometeja Makedonskih"



Promociji su prisustvovali ambasador g. Servet Avziu-Republike Makedonije i ambasador g. Konstantin Ghirda-Rumunjske

ZAGREB: PROMOCIJA KNJIGE OGNENA BOJADŽINSKOG

## »Prometeji makedonski«

ZAGREB — U velikoj dvorani Novinarskog doma u Zagrebu u utorak je predstavljena knjiga »Prometeji makedonski« autora **Ognena Bojadžinskoga,** a u izdanju Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj i uglednog zagrebačkog nakladnika *Ceres.* U ime *Ceresa* nazočne je pozdravio **Dragutin Dumančić,** nakon kojega je recenzent akademik dr. **Dušan Bilandžić** naglasio da se autor »prihvatio historiografskog prikaza povijesnih ličnosti makedonskog naroda od početka njegove pisane povijesti do suvremenosti. Prikazujući ličnosti — Prometeje — autor, naravno, prikazuje i društvene pokrete - duhovne, kulturne, političke — kao institucije koje su nastajale kroz povijest«, istaknuo je među ostalim Bilandžić. O nastanku knjige i poteškoćama u izradi govorio je i autor Bojadžinski.

Vrijednost je ove knjige za potencijalnoga hrvatskog čitatelja u tome što se u njoj na popularno-znanstveni način može upoznati dvadesetak velikih imena makedonskoga naroda, a s kojima Hrvati inače nemaju negativnoga povijesnog iskustva, i što danas upozorava na prisutnost zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj koja se u pravilu oglašava na korektan način.

S. BAŠIĆ

10. 3. 99g.

SLOBODNA DALMACIJA

10.3.93

**VJESNIK**

# VRIJEDAN DOPRINOS MAKEDONISTICI

Vjesnik 10.3.93

Novinarski dom / Predstavljena knjiga Ognena Bojadžinskog »Prometeji makedonski«

ZAGREB, 9. ožujka – Knjiga Ognena Bojadžinskog pod naslovom »Prometeji makedonski«, predstavljena je u utorak u Novinarskom domu. Izdavačka kuća »Ceres« i Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj su zajednički izdali tu knjigu.

Direktor izdavačke kuće »Ceres« Dragutin Dumančić je rekao da je u početku bio skeptičan prema djelu Ognena Bojadžinskog, no kasnije je shvatio da je to važna knjiga iz koje se može mnogo naučiti o Makedoniji i Makedoncima. Knjiga je eruditski pisana i donosi mnoštvo povijesnih i političkih činjenica vezanih uz Makedoniju.

»U ovom djelu je na jasan, čist, živ, zanimljiv i uravnotežen način razmotren, obrađen i elokventno prezentiran materijal bez patetike i apologije, od koje 'boluje' historiografska literatura balkanskih južnoslavenskih naroda – što je autor izbjegao i zato zaslužio visoku ocjenu«, naglasio je u svom izlaganju jedan od recenzenata knjige dr. Dušan Bilandžić. Rad odlikuje, prema Bilandžićevim riječima, isprepletenost multidisciplinarnosti. Isprepliću je historiografija, duhovne, političke i kulturne sfere, te elementi etnologije i sociologije. Djelo je napisano na originalan način i zadovoljava standarde i kriterije za takvu vrstu literature, pa se može ocjeniti kao vrlo uspješan poduhvat.

Ognen Bojadžinski je pročitao predgovor knjige u kojem je citirao neke misli Miroslava Krleže. Naglasio je da je upravo taj autor, svojim djelima i ličnošću, najviše utjecao na njega kao pisca. (G. Jovetić)



*Гоце Делчев:*

**"Македонија има свои интереси и своја политика. Тие им припаѓаат на сите Македонци. Оној што сака да работи на присоединувањето на Македонија кон Бугарија, Грција или Србија, тој може да се смета за добар Бугарин Грк или Србин, но не и за добар Македонец".**





11.3.93, **Jutarnji LIST**

## PREDSTAVLJEN PROMETEJ MAKEDONSKI

**ZAGREB - U novinarskom domu objavljena je u utorak knjiga Ognena Bojadžinskog "Prometeji Makedonski" u nakladništvu Makedonske zajednice u Republici Hrvatskoj i nakladničke kuće Ceres.**

Ognen Bojadžinski rođen je u Skopju 1941.godine, a kad je 1969. godine došao u Zagreb, radio je kao dopisnik "Nove Makedonije", a zatim Makedonskog radija i televizije. Autor je knjige "Kronologija Ohridske arhieskopije", te je prevodio s makedonskoga na hrvatski i obrnuto. Prema riječima Dušana Bilandžića, autor na jasan i nepretenciozan način s vrlo dobrim rezultatom prihvatio historiografskog prikaza povijesnih ličnosti makedonskoga naroda, poput svete braće Ćirila i Metodija, Goce Delčeva i Blaža Koneskog. Prikazujući ličnosti - Prometeje autor prikazuje i društvene pokrete - duhovne, kulturne i političke - kao i institucije koje su nastajale kroz povijest, iskazujući pri tom vlastiti kritički stav. Djelo je vrlo vrijedno za hrvatsku znanstvenu i neznanstvenu javnost, jer u hrvatskoj literaturi do sada takve knjige, nažalost, nije bilo. *(P.M.S.)*



ДЕЛЕГАЦИЈА НА МПЦ ВО ПОСЕТА НА СОФИЈА

# БУГАРСКАТА ЦРКВА СЕ ПОДГОТВУВА ДА ЈА ПРИЗНАЕ МПЦ

**Доколку вселенскиот патријарх и поглаварот на СПЦ не ја признаат МПЦ до крајот на годинава, тоа ќе го направи Бугарската црква, ни изјави главниот секретар на Светиот архијерејски синод на БПЦ митрополитот г. Геласи, со кого разговараше членот на Светиот архијерејски синод на МПЦ епископот г. Јован**

*"НОВА МАКЕДОНИЈА"*

**МИРОСЛАВ СПИРОСКИ**
**(наш специјален известувач)**

Софија, 30. март - Бугарската православна црква ќе ја признае автокефалноста на Македонската православна црква доколку вселенскиот патријарх Вартоломеј и поглаварот на Српската православна црква патријархот Павле не решат ова прашање до 2000-та година. Ова овде во Софија ни го изјави главниот секретар на Светиот архијерејски синод на Бугарската православна црква, митрополитот господин Геласи по разговорите во седиштето на Бугарската патријаршија со членот на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква, епископот дремвицки г. Јован.

Митрополитот Геласи ексклузивно за Нова Македонија уште изјави дека тој контактирал со вселенскиот патријарх Вартоломеј, кому неодамна му испратил и писмо во кое побарал тој лично да се заземе кај српскиот патријарх Павле за дефинитивна разврска на македонското црковно прашање. Вселенскиот патријарх ме праша како гледам лично на ова прашање и како најдобро може да се реши. Му реков дека најпогоден е моментот по повод 2000-годишнината од раѓањето на Господ Исус Христос тој да влијае српскиот патријарх Павле да и даде прошка на Македонската православна црква и таа конечно да почне да дејствува како призната, ни рече митрополитот Геласи. Тој притоа уште додаде дека православието не печали ништо ако МПЦ не е призната. Напротив, тоа губи, а ќе добие многу доколку биде призната. Во тој контекст, бугарскиот владика нагласи дека МПЦ ги исполнува каноните да биде призната и сега е моментот што треба да биде искористен за тоа. Како може, се запраша митрополитот Геласи, да се замисли празнувањето на 2000-годишнината од христијанството да се одвива без Македонската православна црква? Нема никакви причини ова прашање да не се разреши до крајот на овој милениум, ни рече владиката Геласи.

Вториот член на Светиот архијерејски синод БПЦ, мошне влијателниот, ценет и почитуван во православието и пошироко, митрополитот доростолски и червенски господин Неофит, со кого, исто така, разговараше македонскиот владика господин Јован, по разговорите кои се водеа зад затворени врати во Бугарската патријаршија, ни изјави дека Македонската православна црква ги исполнува сите услови да биде призната како автокефална. Околу ова прашање, ни рече тој, најдобро е да се обедини гласот на православието и Бугарската црква вложува максимални напори да се постигне тоа. Зашто, нема причини Македонската црква да биде се уште надвор од заедницата на православните сестрински цркви. Нејзе местото и е тука, но се плашам дека ако само Бугарската црква го направи најрешителниот чекор и ја признае МПЦ, тој чекор да не остане како осамен глас во пустина. За да не се случи тоа, ние работиме и со други цркви, а во нашата Патријаршија ова прашање го анализираме од сите страни, ни рече владиката Хеофит.



Н. Б г.г. Михаил Архиепископ Охридски и Македонски



Н. Св. Бугарскиот Патријарх Максим

Денес во седиштето на Бугарската патријаршија во Софија започна седницата на Светиот архијерејски синод на БПЦ на која, покрај другото, на дневниот ред ќе се најде и извештајот на митрополитот Хеофит за учеството на бугарската црковна делегација на неодамнешната Сеправославна конференција во швајцарскиот град Шимбези, на која тој го отвори прашањето за признавање на автокефалноста на МПЦ на нај-

широки православни основи. Иако конференцијата доживеа неуспех, поради одредени недоразбирања меѓу некои православни цркви во светот, значајно е тоа што решавањето на македонското црковно прашање за првпат се најде пред сите православни цркви. Дознаваме дека денешното заседание на Синодот на БПЦ ќе биде вонредно поради хуманитарната катастрофа во СРЈ и заканите по мирот во регионот, што ќе биде официјално осудено од страна на највисокиот бугарски црковен врв. Тоа е причината денес на дневен ред пред Синодот на БПЦ да не се најде писмото на Светиот архијерејски синод на МПЦ, со кое највисокиот врв на нашата света Црква бара поддршка од страна на Бугарската црква за признавање на автокефалноста на МПЦ. Ова писмо мора да биде ставено на дневен ред на редовна седница на Синодот на БПЦ, чие одржување, според нашите извори, се очекува наскоро. Писмото од македонскиот црковен Синод веќе е разгледано од страна на специјалната Комисија на Бугарската патријаршија, која се изјаснила позитивно и таквото решение ќе му го предложи на Синодот на БПЦ. Ова ни го потврди членот на Комисијата господин Николај во новоизградениот манастир Свети Петар и Павле недалеку од Софија, кого го посети македонската црковна делегација.

## МАКЕДОНСКО МАЛЦИНСТВО

Бугарија призна дека во нејзините граници постојат Македонци, посочувајќи ги во извештајот од последниот попис, внесен од владата во Советот на Европа. Ова го изјави пратеникот на бугарските Турци Ахмед Јусеин на прес-конференција во Крџали. Како аргумент го посочи извештајот на европските набљудувачи Дејвид Аткинсон и Хенинг Гејлорд што неодамна го поднесоа во Стразбур. Во него тие како факт го посочија извештајот за пописот во Бугарија во 1992 година во кој се признава дека точно 10.801 се декларирале како Македонци.

Македонија и Македонците, дежурната тема на овдешните весници, во Бугарија посебно е актуелна сега кога се расправа за ратификацијата на Рамковната конвенција за правата на националните малцинства и кога се анализираат оценките од извештајот на европските парламентарци, неодамна разгледан во Стразбур. Директно или индиректно се споменува болното македонско прашање, за кое очигледно современа Европа има поинакво мислење отколку официјална Бугарија.

# ВАЛЕНТИНОВО И "ТАВЧЕ ГРАВЧЕ"

Кулинарската секција "ТАВЧЕ ГРАВЧЕ" од Друштвото "Крсте Мисирков" Загреб, за денот на вљубените ВАЛЕНТИНОВО, изврши презентација на дел од богатата македонска гастрономија (кујна).

Членките-домакинки во присуство на телевиската екипа "Призма", ги презентираа покрај обичаите националното тавче гравче полнето со пресни пиперки и јагнешко месо со спанак (чкето), а сето тоа послужено со далеку познатото македонско вино "Т,ГА ЗА ЈУГ".

Вредните членки на Друштвото гжа ЉУБИЦА ПАХЉИНА и МИЦА СЕРАФИМОВА, со оваа презентација ги потсетиа македонските домакинки, на добрите рецепти и вештини, како и останатите љубители на македонското кулинарство, преку редовната емисија за националните малцинства на хрватската телевизија.

Илија Стојковски



Љ. Пахљина, М. Серафимова и уредничката на "Призма" Д. Драштата во работен договор



## ЧЕСТВУВАЊЕ ВО ПУЛА

Македонското културно друштво "Кочо Рацин" при Жупанијата Истарска — Пула по повод големиот христијански празни БОЖИК и вселувањето во новите простории организира свечано чествување во присуство на повеќе од 150 гости.

Благодарение на разбирањето, во поглед на недостигот на работни простории за Друштвото, Поглаварството на градот Пула ни додели простор од 106 $м^2$. Сега ни се отвораат возможности за што поактивно работење на нашите постоечки секции (литературна, рецитаторска, музичка, пејачка и спортска — шах) и за формирање на фолклорна секција за која се набавени македонските народни носии.

Големата сала ќе ни овозможи одржување на средавања, приредби, предавања, промоции на книги, приредување на изложби и како најважно то, што почесто дружење на нашите членови.

Треба да се истакне дека зидовите на салата се украсени со фотографии на идеолозите на ВМРО и војводите на востанијата како и со фотографии на стари разгледници од сите краjеви на Македонија кои потекнуваат од богатата колекција на нашиот член Алдо Климан.

Во очите на сите присутни можеше да се види радост, гордост и восхит затоа што се створија услови за подобро и почесто дружење како и поактивна работа на нашето Друштво.

Свеченоста ја отвори председателката на Друштвото Славица Сагадин, поздравувајќи ги сите присутни и посакуваки среќни празници.

Од името на градското поглаварство од Пула присутните ги поздрави Фабрицио Радин посакувајќи им на членовите на Друштво уште поголема активност и успех во презентирањето на богатата Македонска културна наследство во овие мултиетнички и мултикултурални краjеви на Истра.

Во свечениот дел од чествувањето децата од предшколска возраст од Друштвото "Наша Деца" од Пула изведоа сплет од ритмички игри воодушевувајќи ги сите присутни. За својот успешен настап од страна на Управата беа наградени со пригодни подароци, а од страна на присутните гости со искрено ракоплескање.

К.Т.

## "IV. МАКЕДОНСКА НОЌ" ВО ПУЛА

Македонското културно друштво "Кочо Рацин" при Жупанијата Истарска — Пула, ја одржа традиционалната четврта по ред "Македонска ноќ" посветена на Новата 1999. година по Јулијанскиот календар.

Прославата се одржа во убавите простории од "Конобата Франко" во Пула.

На оваа традиционална забава зедоа учество повеќе од 200 гости, међу кои беа и 20 гости од Македонското културно друштво "Илинден" од Риека чие присуство на нашите забави и средби стана веќе традиција.

Главен гостин на вечерта беше господин Младен Душман, прочелник за култура и спорт во Жупанијата Истарска.

Забавата ја отвори председателката на Друштвото госпожа Славица Сагадин пожелувајќи им на сите присутни добро здравје и многу среќа. Посебно го поздрави господинот Младен Ду-




шман представникот на Истарската Жупанија и разменија скромни дарови.

Потоа госпожа Славица го повика и му врачи Диплома за освоеното I. место во шаховскиот турнир на господинот Славе Милошевски.

По овој служben дел госпожа Славица го препушти водењето на забавата на госпожа Др. мед. Олга Ангелова — Зграбљиќ и на госп. Ненад Стојковски коишто беа потпомагани од преубавите хостеси: Биљана, Теодора и Ивана сите облечени во убавите штотуку пристигнати македонски носии, и беа атракција на вечерта.

Во забавниот дел од вечерта по традиција се истакна фамилијата Миловиќ изведувајќи македонски песни, ора и музика за танц.

Со големо очекување се следеше извлекувањето на богатата лутрија. Главен згодиток беше 2 (две) повратни автобусни карти на релација Пула - Скопје - Пула, поклон од туристичката агенција од Скопје "Хисар-туризем". Среќата му се насмеа на прогнаниот вуковарац којшто живее во Ровињ господин Горан Келечевиќ. При приемот на наградата изјави оти е среќен што ќе има возможност поновно да го разгледа убавото Скопје каде што боравел далечната 1985. година.

Секако треба да се нагласи дека на оваа забава присуствуваа наши членови кои не живеат во Пула туку во другите градови од Истра како на пример Лабин, Ровињ, Пореч, Новиград, Пазин и Умаг, така што на оваа вечер по традиција учествуваше нашиот член од Умаг господинот Петре Геракаровски со супругата, како член од најдалечното место од Пула.

Кирил Талески

## ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ПУЛА

ВО УБАВАТА И ТРИ ИЉАДИ ДРЕВНА ПУЛА, ГРАД НА МУЛТИЕТИЧНОСТ И МУЛТИКУЛТУРАЛНОСТ, ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 50-ГОДИШНИЦАТА ОД ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОПШТАТА ДЕКЛАРАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ЧОВЕЧКИТЕ ПРАВА, ОД 04. ДО 10. ДЕКЕМВРИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПУЛСКАТА НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА "ХОМО" ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕЧКИТЕ ПРАВА И ГРАЃАНСКИТЕ СЛОБОДА СЕ ОДРЖАА МНОГУБРОЈНИ КУЛТУРНИ, УМЕТНИЧКИ И МУЗИЧКИ СРЕДБИ.

ВО ОВИЈЕ ПОВЕЌЕДНЕВНИ СРЕДБИ БЕА ОРГАНИЗИРАНИ ЈАВНИ ТРИБИНИ, ТРКАЛЕЗНИ МАСИ, УМЕТНИЧКИ РАБОТИЛНИЦИ, КОНЦЕРТИ И ИЗЛОЖБИ НА КОЈИШТО УЧЕСТВУВАА ПРЕКУ СТО УМЕТНИЦИ, НЕЗАВИСНИ НОВИНАРИ, ЧЛЕНОВИ НА НЕВЛАДИНИ И ВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА И СВЕТОТ.

ВО РАБОТАТА УЧЕСТВУВАА ГОСТИ ОД: СЛОВЕНИЈЕ, МАКЕДОНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА И СР ЈУГОСЛАВИЈА. ОД ИСТАКНАТИТЕ ХРВАТСКИ ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ ГОСТУВАА: ВЕСНА ПУСИЌ, ЖАРКО ПУХОВСКИ, РАДОВАН ИВАНЧЕВИЌ, СЛОБОДАН ШНАЈДЕР, ИВАН ШИБЕР И ДР. ОД ОБЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ГОСТИН БЕШЕ ДУШАН БЈЕЛИЦА, А ОД РИМ - ИТАЛИЈА ПРЕДРАГ МАТВЕЈЕВИЌ.

КАКО ГОСТИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИСУСТВУВАА: ЉУБОМИР ЦУЦУЛОВСКИ, БОГОМИЛ ЃУЗЕЛ, ЈЕЛЕНА ЛУЖИНА, ЏАБИР ДЕРАЛА, МИРУШЕ ХОЏА, ЗОРАН ГАВРИЛОСКИ, БАШКИМ АДЕМИ АМЕДОВ РАМАДАН, НАТАША МАРКОВСКА КАКО И АФИРМИРАНИОТ МУЗИЧКИ АНСАМБЛ "ДД СИНТЕЗИС" КОЈИШТО ИЗВЕДЕ УСПЕШЕН КОНЦЕРТ.

ЦЕНЕТИТЕ ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА БЕА И ГОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НАШЕТО МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО ДРУШТВО "КОЧО РАЦИН" ОД ПУЛА, КОЈИ ИМ ПРИРЕДИЈА ПРИЕМ ВО НАШИТЕ ПРОСТОРИИ.

ВО ИМЕ НА ДРУШТВОТО ГОСТИТЕ ГИ ПОЗДРАВИ И ИМ ПОСАКА ДОБРЕДОЈДЕ НАШАТА ПРЕТСЕДАТЕЛКА СЛАВИЦА САГАДИН, А КИРИЛ ТАЛЕСКИ ГИ ЗАПОЗНА СО АКТИВНОСТИТЕ НА НАШЕТО ДРУШТВО И СО ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА НАШИТЕ МАКЕДОНЦИ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА.

ОД ИМЕТО НА ГОСТИТЕ СЕ ЗАБЛАГОДАРИ БОГОМИЛ ЃУЗЕЛ ИЗРАЗУВАЈКИ ВОСХИТ И РАДОСТ ШТО ВО ОВИЕ ДАЛЕЧНИ КРАЈИШТА СЕ НЕГУВА УБАВИОТ МАКЕДОНСКИ ЗБОР И ОБИЧАЈИТЕ.

Кирил Талески

Охрид — стара чаршија



### IZVJEŠĆE O GRADNJI KATOLIČKE CRKVE U OHRIDU

Posjetila sam gradilište katoličke crkve u Ohridu. Uspjela sam i razgovarati sa skopsko-prizrenskim nadbiskupom gosp. Jakibom Herbutom, koji je došao nadgledati radove koji su u toku. S njim je bio i građevinski stručnjak koji je inače preuzeo gradnju katoličke crkve.

Upitala sam gosp. Herbuta koliko je siguran posjet Pape pri otvorenju, odgovoreno mi je slijedeće:

Poziv je uručen Papi, nisu dobili siguran odgovor, ali se nadaju dolasku. S obzirom da su svi termini do X. mjeseca zauzeti oni vjeruju da bi njegov posjet bio realno moguć u X. mj., kada će i radovi na crkvi biti gotovi.

Usput me dr. Herbut izvijestio da 12. III. očekuju posjet talijanske delegacije, koja treba utvrditi dokle su radovi došli, a također se priželjkuje i njihova materijalna potpora. Crkva se nalazi u središtu gradske jezgre, te mislim da će izgledati jako lijepo. To će obogatiti grad Ohrid koji inače s okolicom ima 365 crkvi te je po tome jedinstven.

### IZVJEŠĆE O KONFERENCIJI "ROMA MEDIA FORUM"

Od 4.—7. II. 99. održavala se u Ohridu konferencija za medije Roma. Konferenciji je prisustvovalo 95 delegata iz 21 zemlje Europe. Iz Hrvatske sam i ja bila prisutna toj konferenciji. Iznijela sam rezultate moga testiranja o "Mišljenjima i prijedlozima za njihovu ulogu u Medijima".

Mnogi delegati iz raznih zemalja govorili su o stanju medija u svojim zemljama. Pojedine zemlje gotovo da i nemaju nikakve medije, a neke kao Jugoslavija, Kosovo, Makedonija imaju čitav niz radio postaja TV emisija na romskom jeziku. Najdalje je otišla Makedonija, koja ima 2 privatne TV postaje, s programom od 24 sata, što je zaista uspjeh. Osnovni problem u medijima za Rome je deficitaran kadar (nema educiranih novinara). Kao jedan od najvažnijih zaključaka ove konferencije je istaknuta potreba za edukacijom Roma za medije. U tu svrhu je oformljena komisija koja će brinuti o edukaciji mladih Roma za novinare. Moja želja je da u Hrvatskoj Romi imaju svoju radio postaju, što su i sami predlagali prilikom testiranja.

СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ-КАТИН:

# КАДЕ ВОДИ ПРАВОСЛАВИЕТО?

*• Се премолчува осумвековното постоење на Охридската архиепископија и се оспорува нејзиниот континуитет во лицето на Македонската православна црква*

*Македонската православна црква била и веројатно ќе биде цел на дискусии, расправии, па и напади на црковните институции на соседните земји и пошироко, коишто настојуваат да го спречат и оддолжат нејзиното влегување во семејството на рамноправните црковни организации во православната икумена. Исто така, се чинат обиди да се оспорат историските канонски темели на целокупниот живот на Македонската православна црква. Притоа, во притисоците, изолацијата и негирањето на МПЦ и на нејзиното легитимно постоење, е ангажирана една пропагандна и медиска машинерија, која има за цел да ги исривува и премолчува историските факти од минатото и од сегашноста, со намера да се доведат во прашање основните обележја на православниот македонски народ, неговиот црковен организам и неговата вистита, како народ кој има самостојна, суверена и независна држава — Република Македонија.*

*Во името на вистината треба да се каже дека одредени кругови и поединци на православните цркви на соседните земји, како да го заборавиле и сопствениот пат на стекнување на самостојност и право на својата народна црква. Притоа, се премолчува осумвековното постоење на Охридската архиепископија чие основно јадро, од нејзиното формирање до нејзиното незаконско укинување, ги претставувале македонските христјани од сите делови на Македонија. Исто така, се премолчуваат вековните движења на Македонците (во XIX и XX век за обновување на Охридската архиепископија, со што се оспорува континуитетот на оваа институција во лицето на Македонската православна црква како легитимен претставник на сите православни верници во Македонија и на целиот македонски народ во дијаспората.*

*Фактот дека денес, и по меѓународното признавање на Република Македонија и нејзиното зачленување во ООН, и натаму се негира автокефалноста на Македонската православна црква, може да се смета како атак на христијанското битие на македонскиот народ. Затоа, потребно е да се истакнат, заедно со историската вистина на македонскиот народ, канонските и историските темели на Македонската православна црква, нејзиниот континуитет како дел на светската културна ризница; да се осветлат непринципиелните настојувања на поранешните господари — завојувачи на Македонија, за да се наметне туѓа духовна хиерархија и да ѝ се присвои нејзиното културно и црковно богатство што е создадено во своето милениумско духовно живеење.*

## Дело на Св. Климент Охридски

*Македонската православна црква, во лицето на Охридската архиепископија повеќе од еден милениум живее духовно со чинот на својот заштитник Свети Климент Охридски. Тој во деветтиот век ги отвори патиштата на културната преродба на македонските Словени, коишто од крајот на VI век се населиле во Македонија, каде се соочиле со веќе христијанизираните староседелци, чии христијански почетоци се поврзуваат со мисионерството на Св. Апостол Павле.*

*Кога светото дело на солунските браќа св. Кирил и Методиј во Велика Моравија заврши со неуспех, неговите придобивки беа спасени, зацврстени и многукратно умножени од нивните најистакнати ученици св. Климент и св. Наум во Македонија, во нивните храмови, светилишта и школи на брегот на Охридското Езеро. Така писменоста, создадена врз јужномакедонскиот говор и преведените книги на првиот сесловенски книжевен јазик беа спасителки за целиот словенски род, па и за европската култура во целина. Св. Климент Охридски бил избран за прв словенски епископ пред околу 1.100 години, а неговата Величка епархија во Македонија е духовен христијански темел на кој македонските Словени можеле да ја градат црковната хиерархија. Така, со Охридската духовна школа и со 3.500 ученици-студенти Св. Климент Охридски го просветлувал народот во Македонија и пошироко, а со светите книги на кирилица при крајот на X-от век биле покрстувани дури и Русите.*

*Царот Самоил ја издигна својата држава на македонска почва, со својата престолнина во Преспа и Охрид, опирајќи се пред сè на македонскиот словенски етнос да организира своја духовна и автокефална црковна организација. Дека оваа црковна институција со јурисдикција над поголемиот дел на Балканот, во границите на Самоиловата држава имала углед во тогашниот уште неподвоен христијански свет, покажува фактот дека по поразот на Самоиловите наследници 1018. година, византискиот император ги призна и ги оснажи правата на автокефалната Охридска архиепископија. Скоро два века, во границите на Византинското царство беше сочувана големата диецеза на Охридската архиепископија, наследена од Самоиловото време.*

*Во текот на византиското владеење, како и под властите на Бугарската и Српската држава во XIII и XIV-от век, Охридската архиепископија уживала углед на една од водечките и најстари црковни институции во православната екумена. Дури и ибразованите охридски архиепископи по потекло Грци се однесувале со најголем респект кон мисионерскиот подвиг на Св. Климент и Св. Наум, кон нивните учители Св. Кирил и Св. Методиј и кон сите Седмочисленици. Нивните манастири на охридскиот брег се сме-*

тале за најголеми светилишта во архиепископскиот град, затоа што во нив почивале моштите на овие светци и учители, а во нив се негувале традициите на основоположниците на Охридската црква. Така, охридските архиепископи оставија зад себе инспиративни страници посветени на Св. Климент Охридски, опевајќи го како свој духовен татко.

Ваквиот однос се потврди во времето кога Српската црква беше отфрлена од Цариградската патријаршија во 1346 год. поради земање патријаршиска титула. Тогаш Охридската архиепископија посредувала и се залагала пред Цариград да се надмине спорот и да се регулираат односите помеѓу Цариград и Србија, успевајќи во измирувањето. Со тоа се добрите и коректни односи меѓу Српската православна црква и Охридската архиепископија.

Во средиониот век и во време на османлиската управа Македонците ги искажувале духовните интелектуалните потенцијали низ дејноста на Охридската архиепископија. Негувањето на црковната литература, архитектура и сите видови на ликовната и применетата уметност, сврзани за иконографијата и литургијата во светската наука е високо оценето, потврдувајќи дека во Македонија се создале дела од највисок уметнички дострел во своето време и кои ја збогатуваат не само македонската, туку и светската ризница на уметноста и културата.

Во периодот на османлиската доминација Охридската архиепископија ја легализира својата дејност и знатно ја прошири диецезата во XV и XVI-от век, не само на просторите на цела Македонија, но и пошироко. Во тој период се укинати Српската и Бугарската црква, а со тоа охридската јурисдикција била проширена над повеќе нивни епархии. Меѓутоа, повеќе охридски поглавари правеја напори да се организира сојуз за ослободување од османлиската власт, за што некои архиепископи завршија во прогонство, затвори и емиграција.

Во 1557 година е обновена Пеќската патријаршија и во нејзиниот состав влегоја и северните македонски територии, како, впрочем, и Западна Бугарија. Затоа српските поглавари ја прилагодија својата титула на новата состојба. Поради јурисдикцијата над делови од Македонија и Бугарија, покажувале дека Пеќската патријаршија не е само Црква на српскиот народ. Тоа исто го чинеа и охридските поглавари во претходниот период (XVI) век, истакнувајќи дека се и надлежни на Србија и на другите делови на Балканот. Во времето на Австротурските војни, по Карпошовото востание беа создадени и заеднички сојузи меѓу балканските христијански поглавари за заедничка акција за ослободување од османлиското ропство меѓу Македонците, Грците, правос. Албанци, Власите, за што беа и водени меѓусебни преговори.

## Повеќевековно христијанско живеење

Во текот на XVIII-от век во Охридската архиепископија се појави движење за обнова и ослободување од турската власт. Тој подем наиде на отпор во фанариотските кругови во Цариград кои имаа големо влијание врз дејноста на Вселенската патријаршија, додека во Охридската црква нарасна силно чувство на приврзаност кон својот духовен престол. Народот, сакал да го сочува историскиот континуитет и величина на Охрид, опирајќи се на анексионизмот на фанариотите, кои, пак сакале да се укине автокефалноста и Архиепископијата и тáа да се приклучи кон Цариградската патријаршија. Последниот охридски архиепископ Арсениј морал да отстапи во 1767 година пред влијателните кругови. Така, укинувањето на Охридската архиепископија (една година по укинувањето на Пеќската патријаршија) беше образложено со нејзините финансиски тешкотии и материјалната слабост.

Повеќевековниот христијански живот на Св. Климент, низ долгата историја на Охридската архиепископија, до времето на преродбата во XIX век, придонесе да се создадат ремек дело на уметноста на универзално значење, со исклучително естетска вредност и длабока хуманистичка порака. Така, во црквите и манастирите во Македонија се создавани значајни ликовни дела со кои се гордее човечкиот род. Охридските икони, фреските од Св. Софија, Нерези и Курбиново, архитектонските облици, градителите, делата на применетата уметност, влегуваат во секоја антологија назначајните остварувања на тоа време. Во тие дела се распознаваат оригиналните карактеристики и белези сврзани за македонската културна традиција и тие означуваат капитален придонес во словено-византиските културни и духовни односи.

Македонија е лулка на иконографијата на словенските учители и присуството на повеќе стотини портрети на Св. Климент и неговите современици. Таа е доволен доказ за културниот континуитет на традициите на Македонците од најстари аремиња до денес. Се поставува прашањето зошто присуството на овие свети првоапостоли на словенската писменост не е така силно изразена кај другите народи како во Македонија? Одговорот би бил: затоа што нивната дејност се одвивала меѓу македонските Словени и затоа што нивното дело станало дел од нивното живеење и верување низ вековите.

Македонскиот духовен простор никогаш не бил затворен. Напротив, православните духовници, писатели и ликовни творци секогаш биле вклучени во благородните хуманистички текови коишто се засновуваат на Христовото учење и на традициите на свети Климентовата црква. Специфични појави во историјата на културата во Македонија спаѓаат орнаменталните украси, како и глаголските и кирилските ракописи од Охридската школа, создадени во Кратово и Слепче, во периодот од X до XVI век.

Многу македонски уметници го давале својот придонес и кај соседните балкански народи. Така, Христофот Жефарович од Дојран е најистакнатиот творец во развитокот на уметноста во Србија во XVIII век, а големиот градител Андреја Дамјанов од Велешко бил покануван во сите балкански средини да изведува најсложени црковни градби. Исто така, и мијачките резбари имале углед на водечки мајстори на Балканот во еден подолг период.

Во Македонија се создавала специфична градителска и ликовна култура и по укинувањето на Охридската архиепископија, особено во бор-

*бата на црковно-училишните општини за свој јазик и богослужба на црковно-словенски јазик. Притоа, во сите македонски простори се подигнати стотини цркви од македонски камен, со македонски дрва, со македонски керпич, со македонска душа и срце. Сите тие цркви најчесто се со монументални димензии и со базиликална форма за да потсетуваат на величината на старата црковна слава. Периодот на преродбата во Македонија ќе донесе и специфична иконографија во рамките на православието, со особена нагласка врз словенски македонски светци, на нивните житија и на словенската писменост.*

## Македонскиот народ и неговите постигнувања

*Сето ова потврдува дека е фолем придонесот на Македонците во културното и духовното на православието во светската уметничка ризница. Затоа, Македонската православна црква и македонскиот народ ја искажуваат својата зачуденост, за наводните посебни права на некои соседни православни цркви над древните христијански македонски храмови. Несватливо е што делата на градителите, зографите, иконописниците и писателите на црковните книги, создадени со векови низ минатото на македонско тло се прогласуваат за немакедонски. Изненадува фактот што во долгото присуство на феудални владетели во текот на XIV век, ктиторските дарувања и прилози на личности тоа владеење на обновување или доградба на постари цркви од ранохристијанскиот, словенскиот и византискиот период се прогласуваат за туѓински. Притоа, заборавувајќи дека стариот криторски принцип даренијата означуваат длабока почит и молитви на приложниците кон старите македонски светилишта и поклонение кон светите традиции на Охридската архиепископија. Треба да се нагласи дека донацијата кон една црква не претставува сопственост на Божјиот храм, туку молитва за спас на донаторот. Ктиторскиот дар во Охридската архиепископија како и во другите цркви означува и поклонение, а не феудално поседување за лаичките господари во средниот век. Христијанските споменици во Македонија се дела на нејзините градители и сографи, нивните иматели се сите жители на Македонија, а поклоници на нивната духовна и уметничка вредност се сите добронамерни луѓе, што веруваат во човечки вредности за љубов и мир мег´у сите луѓе. Црковните споменици навистина биле свети места на зближување меѓу христијаните од сите балкански земји и од светот. Затоа, македонскиот народ и денес ги заштитува со најсовремени научни методи, ги чува и се грижи за тие објекти кои постојано се отворени и достапни за секој добронамерен верник и проучувач од целиот свет, а мајсторите и донаторите комуницирале низ овие градби според своите духовни доблести. Македонците никогаш не ги третирале делата на своите творци во други земји за своја сопственост, туку како природна циркулација на културните вредности и верските односи.*

*Македонецот градел духовно-културни храмови со силна желба, љубов и вера кон православието. Со цел да опстои на овие балкански простори, православниот народ во Македонија во период од десеттина векови се помагал со другите народи, си пружал христијанска рака, затоа издржал и ропство, асимилација, и прогонување и неправди. Тој опстанал и ќе опстои се додека векот векува и светот светува, зошто македонскиот народ е библиски, со голема христијанска душа, со вера, надеж и со љубов.*

*Сите православни цркви треба конечхо да и погледаат на вистината во очи и да ја прифатат објективната реалност дека Македонската православна црква од 1958 година живее и твори самостојно според учењето на светите отци и учители на Црквата, а врз основа на својот Устав и во духот на каноните од Вселенските и помесните собори и чистата православна вера. Недоследниот односи на православните цркви кон Македонската православна црква и нивното игнорирање на нејзината црковна стварност, нанесува голема штета не само на Македонската православна црква, туку и на светото православие општо.*

*Факт е дека денес македонскиот народ живèе во своја суверена, независна и самостојна држава — Република Македонија, која е меѓународно призната. Тоа го побара македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија кога на Референдум се определија за свој целосен суверенитет, вклучувајќи ја и црковната независност.*

***Македонската православна црква четириесет години живее активен самостоен живот како вистинска помесна црква, задоволувајќи ги духовните потреби на своите верници во државата и во дијаспората. Затоа, Македонската црква и македонскиот народ не треба да се остават сами на балканската ветрометина, каде се вкрстуваат многу вери и религии и постојано да живеат со мислата: "Каде води православието"?***

## ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА "ПРИНЦОТ И ЛУДИОТ" ОД МИТКО ТРЕНЕСКИ

Во Детската библиотека "Стрибор" во Ријека промовирана е книгата "Краљевиќ и Луда" од Митко Тренески, во организација на Градската Библиотека Ријека и МКД "Илинден". За книгата зборуваа др Карол Висинко, професор на Филозофскиот факултет во Ријека и литаретурниот критичар проф. Ким Цуцулиќ.

Авторот на оваа книга што содржи 17 приказни пришувани за детска возраст, како што истакна др Висинко приказните ги дефинира како бајки, а тие се всушност прикази и творби со хетерогена структура, па затоа покрај бајките тука има фантастични и анималистички прикази. Проф. Цуцулиќ нагласи дека во контекстот на современото литературно творештво во Ријека, таа претставува изненадување.

Освен што претставува освежување, жанровски гледано книгата на Тренески е интересен пример на реинтеграција на класичните мотиви кај бајките со новите изрази. Дословно овие приказни не можат да се одредат како бајки, но сите го содржат заедничкиот елемент "чудесно". Во нив најчесто доминира мотивот на конфликтот во борбата добро и зло, фантастичниот заплет, односите во семејството измешани со ирационалните детски стравови и желби, при што е мошне нагласен езоповскиот приступ: главните протагонисти се животни со човечки особини.

Вл. Настески

# In memoriam



## RIJEČ SJEĆANJA NA DRAŠKA SERAFIMOVA

Znali smo da boluješ, ali kao i uvijek taj crni glas o Tvom odlasku nitko nije htio prihvatiti.

Otišao je Čičko Draško, ta jedinstvena riječ tiho je kružila među nama, bolno i nenadano, ali puna sjećanja na Tvoj dragi lik i Tvoje dane pune osmjeha i radosti, britkih riječi i savjeta, na sve ono što je krasilo Tebe kao i draga i dostojna čovjeka svoga rodnog Tetova i naše drage Makedonije.

Serafimovi su bili oduvijek ugledna, solidna i časna obitelj u kojoj si se rodio i ti dragi Draško. Rastao si u rodnom Tetovu i dijelio sudbinu svojih sugrađana sve do odlaska u vojsku a nakon toga izabrao si svoj životni poziv i tako došao u Zagreb da bi ovdje proveo najljepše i jedine godine svoga života.

Svi mi koji smo Te upoznali i poznavali, imali smo u Tebi draga i dobra čovjeka, roditelja i oca, prijatelja i sunarodnjaka, čovjeka dobra srca, znalca i sugovornika. Znao si biti i oštar, ali i onda je iz Tebe izbijala dobrota.

Volio si ljude, družio si se i ostavljao tragove prijateljstva i dobrote. Brinuo si i o svojim sunarodnjacima, uvijek bio rado primljen među njima, Tvoja riječ je bila značajan savjet i štovala se.

Ponosio si se svojom obitelji, svojim unucima, živio si za njih.

Dragi Čičko Draško, naša prolaznost uči nas da poštujmo dobro i volimo ljude, bez obzira otkud dolaze, kakve su boje i vjere i kamo odlaze. Svojim životom ti si nama ostavio jedan plemeniti lik i toliko dobrih sjećanja da ćemo Te dugo pamtiti, noseći u sebi Tvoj osmjeh, Tvoj lik i dobrotu.

NEKA TI E LEKA ZEMJATA MILI NAŠ ČIČKO DRAŠKO!




"Т'га за југ" музичка група при МКД "Крсте Мисирков" на 22 те пролетни средби на загребските музички аматери од 24. до 26. 4. 1999. г. на сликата:

Стојан Трајков, Стефчо Качуров, Савко Алимовски и Кирил Јовев

ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ!

Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата за да бидат објавени во наредниот број.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потписи на авторите се муслења на иститe и не секогаш тие го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согланост.

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Главен уредник:
ОГНЕН БОЈАЏИСКИ

Редакција:
Илија СТОЈКОВСКИ (Загреб), Владо ЦАКТАШ (Сплит), Владо НАСТЕСКИ (Риека), Благоја ЈОВАНОВСКИ (Осијек), Кирил ТАЛЕСКИ (Пула)

Ovo glasilo tiska se uz materijalnu potporu Ureda za nacionalne manjine Vlade Republike Hrvatske.

За издавачот:
ДРАГАН КИТАНОВСКИ

Naklada: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16, tel.487 26 55; fax: 487 26 49

Tisak: A. G. Matoš d.d., Samobor

Temeljem odredaba čl. 58 stav 3 Zakona o javnom informiranju RH (N. N. br. 22/1992. g. novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete — Sektor informiranja — 14. 7. 1993. g.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1/7-94-01 od 10. svibnja 1994. g. ova tiskovina oslobođena je plaćanja poreza na promet.

The British Library (BM - MR 43 315 35), London

*Македонија е прикажана со географско-етничките граници, со сите градови и поголеми села, како и со бројот на жителите во нив.*

